Врз основа на член 24 став 1 и член 30 став 8 од Законот за електронските комуникации („Службен Весник на РМ бр. 39/2014, 188/2014, 44/2015 и 193/2015") Директорот на Агенцијата за електронски комуникации на ден 15.12. 2017 година донесе

# УПАТСТВО

## за формата, содржината и начинот на доставување на Извештај за вкупен годишен приход на оператор остварен со употреба на јавни комуникациски мрежи и/или давање на јавни комуникациски услуги

### Член 1

(1) Со ова Упатство се уредува формата, содржината и начинот на доставување на Извештај за вкупен годишен приход на оператор остварен со употреба на јавни комуникациски мрежи и/или давање на јавни комуникациски услуги во текот на претходната календарска година, или пократок дел од годината кога операторот почнал да работи што операторите кои обезбедуваат јавна комуникациска мрежа и/или услуга се должни да и го достават на Агенцијата за електронски комуникации (во натамошниот текст: Агенција) заради извршување на нејзините надлежности, како и начинот на неговото доставување.

### Член 2

(1) Извештајот за износот на вкупниот годишен приход од член 1 на ова Упатство се доставува до Агенцијата еднаш годишно, најдоцна до 15 Март секоја година.

(2) Извештајот од став 1 на овој член се користи за пресметување на годишен надоместок за надзор на пазарот за електронски комуникации согласно член 30 од Законот за електронски комуникации („Службен Весник на РМ бр. 39/2014, 188/2014, 44/2015 и 193/2015") и Правилникот за методологијата за пресметување на годишниот надоместок за надзор на пазарот за електронски комуникации („Службен весник на РМ бр. 161/2014").

(3) Извештајот од став 1 на овој член содржи финансиски податоци за вкупни годишни приходи остварени со:

а) Обезбедување на јавно достапни телефонски услуги на фиксна локација;
б) Обезбедување на јавно достапни телефонски услуги во јавна мобилна комуникациска мрежа;
в) Обезбедување на меѓуоператорски услуги;
г) Обезбедување на услуги за пренос на податоци;
д) Обезбедување на услуги поврзани со радиодифузија;

ѓ) Обезбедување на услуги на давање јавна електронска комуникациска мрежа под наем
е) Обезбедување на други услуги.

(4) Во вкупниот годишен приход остварен со обезбедување на меѓуоператорски услуги (пренос или рутирање на национален и/или меѓународен сообраќај) не треба да биде вклучен фактурираниот приход од завршување на повик во јавни комуникациски мрежи (национален и/или меѓународен сообраќај) кој се фактурира како приход во случај на транзитирање на сообраќај кој завршува во други јавни комуникациски мрежи. Операторите кои обезбедуваат јавна комуникациска мрежа и/или услуга кои остваруваат ваков вид на приход треба да достават изјава во која детално се прикажани ставките и износите на таквите остварени приходи, со која се потврдува дека фактурираниот износ по наведениот основ претставува приход на операторот каде транзитираниот сообраќај завршува. Изјавата мора да биде заверена со потпис од законскиот застапник на операторот кој обезбедува јавна комуникациска мрежа и/или услуга а документот со кој се потврдува овластувањето на законскиот застапник мора да биде заверен со печат на операторот кој обезбедува јавна комуникациска мрежа и/или услуга и истите се доставуваат до Агенцијата.

(5) Образецот на Извештајот за износот на вкупниот годишен приход е даден во Прилог 1 на ова Упатство и е негов составен дел.

(6) Финансиските податоци содржани во Извештајот од став 1 на овој член треба да бидат изразени како вкупен износ на остварени годишни приходи за секоја категорија приход содржан во став 3 на овој член. Секоја категорија приход поединечно да биде прикажана преку детална листа на сите аналитички и синтетички конта (со опис и износ во денари) кои ја сочинуваат истата согласно контниот план усвоен од страна на операторите кои обезбедуват јавна комуникациска мрежа и/или услуга.

(7) Во прилог на Извештајот од став 1 на овој член операторите кои обезбедуват јавна комуникациска мрежа и/или услуга треба да достават Биланс на успех во согласност со законските регулативи кои се применуваат во Република Македонија (ревидиран доколку поседуваат) и Извештај на независен ревизор во случај на извршена ревизија. Операторите кои обезбедуват јавна комуникациска мрежа и/или услуга кои подготвуваат финансиски извештаи во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување треба да достават Биланс на успех во согласност со Меѓународните стандарди и Извештај на независен ревизор.

(6) Извештајот од став 1 на овој член треба да бидат заверен со потпис од законскиот застапник на операторот кој обезбедува јавна комуникациска мрежа и/или услуга а документот со кој се потврдува овластувањето на законскиот застапник треба да биде заверен со печат на операторот кој обезбедува јавна комуникациска мрежа и/или услуга и истите се доставуваат до Агенцијата. Доколку операторот кој обезбедува јавна комуникациска мрежа и/или услуга е група на компании (асоцијација, спојување, итн.), се доставува извештај за секоја компанија посебно која спаѓа во структурата на групата.

**Член 3**

(1) Агенцијата го анализира, обработува и сумира доставениот Извештај од член 2 став 1 од ова Упатство и пресметува годишен надоместок за надзор на пазарот за електронски комуникации согласно Правилникот за методологијата за пресметување на годишниот надоместок за надзор на пазарот за електронски комуникации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 161/2014“).

(2) Доколку кај Агенцијата постои основано сомнение за вистинитоста на пријавените остварени годишни приходи во доставениот Извештај од став 1 на овој член, има право на трошок на операторот кој обезбедува јавна комуникациска мрежа и/или услуга да изврши проценка на истите.

(3) Доколку проценетите вкупни приходи значително отстапуваат од пријавените остварени годишни приходи во доставениот Извештај од став 1 на овој член, Агенцијата при наплатата на годишниот надоместок од став 1 на овој член ќе го задолжи операторот кој обезбедува јавна комуникациска мрежа и/или услуга да ја плати пресметаната разлика.

**Член 4**

(1) Со денот на влегување во сила на ова Упатство престанува да важи Упатството за формата, содржината и начинот на доставување на Извештај за вкупни годишни приходи на оператори на јавни комуникациски мрежи и даватели на јавни комуникациски услуги донесено на ден 07.03.2011 од Директорот на Агенцијата.

**Член 5**

(1) Ова Упатство влегува во сила со денот на објавување на огласната табла на Агенцијата. По влегување во сила ова Упатство ќе биде објавено и на веб-страната на Агенцијата.

Агенција за електронски комуникации
Директор
Сашо Димитријоски

Бр.0201-579/4
15.12 2017 год.